Љубен ЛАПЕ

# НОВИ ПИСМА ОД И ЗА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

## (По повод 60 години од неговата смрт)

Кон 25-те сосем непознати писма и телеграми што ги објавив по повод 50-годишнината од смртта на овој голем син на македонскиот народ[1], сега по повод 60 годишнината од неговата трагична смрт на 28. VI 1921 г., објавувам уште три писма од него и две писма до него.

Од сè што е досега пишувано за Ѓорче Петров, неоспорно е утврдено дека во неговата личност како еден од основоположниците на македонското национално-ослободително движење од крајот на XIX век се крие силен и надарен интелект, дека во текот на целиот свој живот тој постојано ги осмислувал и ги трасирал патиштата на македонското национално-ослободително движење, дека ја изградувал неговата идеологија и неговите принципи, дека ги систематизирал тие принципи во неколкуте статути и правилници, дека со голема вештина ги популаризирал истите преку легалниот и нелегалниот печат и, најодзади, дека со нагјолема упорност и цврстина ја бранел самостојноста на македонското национално ослободително движење од бројните внатрешни и надворешни непријатели за да падне како најскапа македонска жртва во таа одбрана на 28 јуни 1921 година на софиските улици од раката на платен убиец на најцрната реакција.

Писмата што овде ги објавувам не само што ги потврдуваат сите гореспомнати карактеристики за Ѓорче Петров туку откриваат и една досега малку позната и занемарувана страна од неговата долгогодишна активност: практичната работа на теренот околу организирањето и откривањето на сосем нови извори за снабдување на македонското национално-ослободително движење со оружје. Позната е неговата далновидна мисла по ова прашање искажана во неговите Спомени: ... „во внатреш-

[1] Љ. Лапе, Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров. Гласник на Институтот за национална историја XV, 2 (1971) стр. 247—273; Ѓорче Петров и Пере Тошев. Прилеп 1974, стр. 139—143.

носта (на Македонија б. м.) усмената агитација како да беше си ја изиграла улогата и притисокот од населението да му се даде оружје беше голем. Раководителите насекаде чувствуваат потреба од вистински докази за силата на Организацијата и за ефикасноста на средствата и нивната применливост во случај на вооружена борба,"[2] или уште појасно искажано на друго место: „Масата не ги сака одвлечените идеи, кои не можат да ја топлат и хранат. Таа сака тие идеи да ги види во материјален образ. Оружјето како реален израз и симбол на идејата за вооружената борба, требаше да го убеди населението дека нашите зборови не се игра за идеи, а се придружени со сериозни намери за работа. Без него не беше можно да се возбуди во масата жив интерес со ентузијазам за работа. Организацијата доби реална стојност во очите на членовите кога почна да набавува оружје, кое во почетокот имаше повеќе морално и воспитно значење отколку практична преднамереност."[3]

Ѓорче Петров, заедно со Гоце Делчев, како задгранични претставници на Тајната македонско-одринска револуционерна организација, за да одговорат на овие назреани потреби на Организацијата вложувале извонредно големи напори, служејќи се со разни начини и средства за да дојдат што поскоро до ваквото оружје и преку тајни канали да го префрлат во Македонија. Навистина, најголемиот товар на оваа активност паднала врз Гоце Делчев, но непомал труд и грижи во тој поглед вложувал и Ѓорче Петров. Впрочем, тоа и овде објавуваниве две писма на Никола Пешков доаѓаат да го потврдат.

Еден од тројцата браќа прилепчани од познатата фамилија на трговецот со јажина Спиро Пешков, Никола Спиров Пешков, доваѓајќи во Врање по набавка на суровини за јажина, по директивите на Ѓорче се обидувал да ја снабде Организацијата со пушки и барут и истите да ги препрати по канали преку Бујановци до Куманово и отаде до Кратово во еден правец, како и од Куманово преку Скопје, Велес и Прилеп до Битола во друг правец. Во првото писмо Никола настојува по секоја цена кај Ѓорчета да се уреди канал за пренесување на оружјето од тогашната српско-турска граница преку Бујановци до Куманово и понатаму и го искажува своето големо незадоволство од забавувањето. Во едно друго објавено писмо на Ѓорче Петров до пунктовиот началник во Ќустендил Никола Зографски, Ѓорче се интересира да ги запраша „Врањанците (под овој термин сметам се кријат Никола Пешков и Ордан Малезанов) дали можат да префрлат нешто. . . зборот е за куршуми Шнајдерови и

---

[2] Спомени на Ѓорче Петров, Скопје, 1950, стр. 56.

[3] В. Чашуле, Кон искажувањата на Ѓорче Петров за Гоце Делчев Сп. „Разгледи" IV, 5 (1962) стр. 449.

[4] Љ. Љапе, Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров, стр. 266.

од српски маузерки".[4] Од овие скудни податоци не може со сигурност да се тврди дека проработил овој канал за пренесување на оружје и муниција од Врање кој што тогаш бил граничен град на Србија. Сепак во овој случај е важно да се истакне досега непознатиот обид на Организацијата да се снабдува со оружје нелегално од Врање, односно од Србија. Впрочем дури и Гоце Делчев заедно со Темелко Станков од Башино Село „попусто газеа пат до Врањско за оружје, но сè без успех, раскажува пак Ѓорче во друга статија.[4a]

Освен потписот на Никола Пешков на ова писмо како втор потписник фигурира велешанецот Ордан Малезанов кој пред една година учествувал во нападот на велешкиот чорбаџија Хаџи Весов заедно во договор со Никола Петров Русински и со насилно истрганите пари од чорбаџијата Хаџи Весов побегнал во Србија, односно во Врање.

Писмото на Ѓорчета до Бучков што овде се објавува е извонредно богато со податоци за тоа што, според Ѓорче Петров, еден раководител на Организацијата треба да има на ум при примањето нови членови во Организацијата исто така и како да се отстрани опасноста од небудноста на печалбарите да не ја издаваат тајната на Организацијата кога одат во Бугарија на печалба, мислејќи дека никој не ги преследува, како и други прашања сврзани со вооружување на Организацијата на теренот.

Посебно место и значење имаат овде објавуваниве писма на Ѓорче Петров од 1919 година. Тие се од времето на познатата Ѓорчева активност во организираното Привремено претставништво на бившата Внатрешна македонско-одринска револуционерна организација и Ѓорчевите судири со Серчаните, односно со најактивниот член на Претставништвото Димо Хаџи Димов. Од писмата на Ѓорче од 1919 г. излегува дека разидувањата помеѓу него и Димо Хаџи Димов дошле до таков степен што водело кон потполн расцеп помеѓу членовите на групата револуционери од Западна Македонија со групата Серчани од Источна Македонија. Интересно е дека Ѓорче бара прашањето за понатамошна соработка да се разгледа од поширок форум додека не дошло до дефинитивен расцеп, што го квалификува Ѓорчета како човек со широки демократски погледи.

Сиве пет писма се во оригинал на бугарски јазик, а овде ги преведов на македонски јазик и ги средив по хронолошки ред. Двете први се наоѓаат во Историскиот музеј на Македонија во Скопје, додека писмото до Бочуков е објавено неодмана во списанието „Родопи"[5] а преписи од писмата на Ѓорче Петров од 1919 г. се наоѓаат во Архивот на Македонија.

Долу следува содржината на сите писма:

---

[4a] Ѓ Петров, През Вардара. Сп. „Културно единство (Солун) I (1908), кн. III — IV. стр. 9.

[5] Ал. Караманджуков, От Архива на Ахачелебиския революционен район. Списание „Родопи", кн. 3 (1978), стр. 19—20.

1

Брате Бочуков,[6]

Моето идење во Чепеларе[7] беше најмногу за да се видам со тебе и со некој друг од вас — внатрешните пријатели[8], како за да ме известите за положбата на работите и условите кај вас, така и јас да ве поосветлам во духот и правецот на нашите работи. Не стана саканото. Кој е прав, кој е крив, не знам, но мене ми е многу јад. Заслужува кога можеш да земеш отпуска, и да дојдеш за да се видиме. Твоето идење ваму е полесно, отколку моето таму. Пречка си имал од некои селски дерибеевци.[9] Постави се како ти да ги владееш, со зло или со добро. Од твоето писмо до Комитетот, од разговорите со некои момчиња во Софија и со приајтелите во Чепеларе гледам, дека ти си слабо навлегол во суштината на нашите работи. Ќе се служам во секој случај со писма да ја пополнувам празнината. Не е потребно да ги повторите нашите грешки при гор. . .ивите[10] работи, кое ни ги донесол досега обидот. Еве ти сега некои укажувања:

1. Постојат две организации за ослободителното дело, една внатре, друга овде. Управните тела ЦРМОК[11] таму, „Врховниот македонски комитет" овде се во сојуз но без да се меша едниот во работата на другиот. Јас сум посредник како член на Ц. Комитет и како таков по полномошно во ВМК. Вие сигурно влегувате во реонот на ЦК (во кој округ уште не е определено) и треба да влезете во прави односи со него. Овде ќе се обрнувате до мене само за брзи и зависни исклучиво од Бугарија работи. Посредници ќе бидат за тоа нашите чепеларски пријатели. Бидејќи врските со внатрешните уште не ви се уредени, засега соопштенијата со внатрешните ќе се вршат преку овде. Надвор одовде никкви односи со никого во Бугарија не им се позволува на отделните комитети. Тоа го наложува како потребата од целост во Внатрешната организација, така и интересите на самите месни погранични комитети. Со сто стапа по туѓ грб не се ништо. Овдешниве луѓе се сигурно од секакви опасности. . .

---

[6] Владимир Бочуков, учител од село Рајково. До 1899 г. бил еден од раководителите на братствата во Ахачелебиско, а есента истата година пристапил кон Тајната македонско-одринска револуционерна организација и извршил реорганизација на тогашните братства. претворувајќи ги во комитети на Револуционерната организација.

[7] Град во Јужна Бугарија, во подножјето на Родопите.

[8] Ѓорче мисли на оние привrзаници на Тајната македонско-одринска револуционерна организација во Македонија под турска власт.

[9] Дерибеј е бег од подолно потекло. Ова име обично им се давало на раководителите на разбојничките банди.

[10] Овде е оштетен документот.

[11] Кратенката ЦРМОК значи Централен револуционерен македонско-одрински комитет со седиште во Солун. Ѓорче Петров ја изнесува моменталната положба кога ЦК на ТМОРО и Врховниот комитет се наоѓаа во краткотрајна соработка.

со своите мешања само пакости можат да ви направат. Имаме горчлив пример од тој род. Пазете се од такви мешања на некакнети патриоти, ако не сакате да ве стигне судбината на пограничните македонски комитети.

Основното начело на нашата организација е подготвување на едно општо востание со чисто народни средства и сили, кое начело содржи во себеси едно друго — самонадежност, вера во себеси. Мачно е спроведувањето на ова начело, но неопходно е за успешното изведување до крај. Мачно е, зошто нашите луѓе без кураж и силна волја и многу зацврстени ропски црти чекаат сè однадвор, на друг се надеваат, сè силна поткрепа сакаат. Неопходно е тоа, зошто не може да се рече дека е готов за востание оној народ, оној негов дел, па ако сакате и оној индивидум, кој не се надева на себеси, не верува во своите сили и уште зошто без него (без ова начело) ние ќе бидеме играчка на шарлатаните и бездушните политиканти. Во духот на ова начело сами се сеќавате каков правец да им давате на работите во секој конкретен случај. Силата во секој еден од нас треба да врви одгоре надолу. Работниците поотеделно со својата готовност на материјални и морални жртви за општите потреби на местото, готови за себеси во морален и материјален однос, ја составуваат силата на месниот комитет, отделните месни комитети на ЦК. Секој работник ќе се труди да набави и да го направи потребното за себе за да му послужи и на централното управно тело за општите потреби. Секој местен комитет ќе го прави истото и за себеси и за ЦК. Барањето твое за оружје одавде, како што сфаќаш, не одговара на горното. Кога комитетите (IV и Врховниот) најдат средства да испраќаат оружје, тоа ќе биде на нивно располагање во резерва — нема да го раздаваат. Доста е толку теорија. Практични работи.

1. Во почетокот се полакомивме за луѓе. Горчливи резултати добивме. Не повторувај ја грешката — поправо прави подбор на луѓето.

Мачи се да создадеш ограничена количински, но здрава организација во твојот крај. На прва рака ќе треба управното тело каде вас да има полиција и курири со потребното оружје за нив. Здрави канали. Скривници за луѓе и материјал и извесен број одбрани младинци, готови да излезат со пушка во раце во секој случај и секогаш, а не само во моментот на востание и заедно со сите, како што обично се вели. Тоа е таа организација во суштинската смисла на зборот. Надвор од тоа преку весниците и усни агитации се води широка агитација. Главно треба да се убедува населението да се вооружува без разлика на членство или нечленство;

2. Строго исполнувајте го правилникот. Пропустите на мали работи по време ќе ве разглобат;

3. Од кај вас има работници гурбетции кои мислат дека и воените овде им соработуваат. Штом ја префрлат границата си

зборуваат како во своја куќа. Да се предупредат за тоа сите членови, ако не сакаат да знаат овде шпионите тоа што го правите таму;

4. Членски внос да има макар и мал. Тој има и морално значење. Со нив ќе ги пречекуваме и неопходните потреби. Недостатокот ќе го пополнуваме и со доброволни помошти од добри, но не готови на смрт работници или симпатизери. За собраните и расходуваните пари ќе треба да држите сметка насекаде. За задоволување крајните потреби на Организацијата и делумно на месните комитети со пари (се врши б. м.) со расписки од ЦК и едно знај дека расписката не изглегува помалку од 5 турски лири. Ако сметаш на голем успех пиши ми за да ти испратиме човек одавде за другар.

Расписките ќе им се даваат на луѓе кои нема да издадат, зашто и вие самите не сте се зајакнале пак и други работи ќе му пречат привремено на теророт. Добро ќе биде, ако гледаш да ангажираш луѓе за оружје, за да може потивко да се сврши планот со него.

Постапката за Тошовото[12] пресметување беше касно, та не можев да успеам. Го викав во Чепеларе со вас, но не дојде. Крајни мерки ќе земете спрема него откако се добие писмо од ЦК, за која цел пишете, за да пишам и јас.

Петте револвери на Братството нека останат за Комитетот, а вие раководителите приватно ќе си купите по еден, зошто и оние што се кај вас, ќе требаат за куририте на т. (ајната — б. м.) пошта.

За Габрово[13] скоро ќе треба да заминат два товара пушки. За таа цел разберете се со В'лчев[14] во Чепеларе.

На крајот ќе речам, дека времето не позволува да одиме пополека, а брзо, зошто не знаеме во каква пролет ќе се разбудиме.

Работете за некогаш да не се каете.

5. XI 1899 г. Пловдив — Марко[14a]

## 2

Ѓорче,

Го примив Вашето писмо и научив што ми пишувате. Одовде ќе се уреди многу добро работата за до граница до Бујановци, но од Бујановци до Куманово и за на внатре треба да се уреди. Јас бев во Куманово и како гледам таму не ќе може ниш-

---

[12] Се однесува на учителот Илија Хаџи Тошев од Прилеп, главен учител од 1897—1900 во блиското село Устово.

[13] Габрово е село јужно од Чепеларе.

[14] В'лчо Сарафов, организациски раководител на пунктот Чепеларе по периодот од 1899—1901 година. Псевдонимот му бил В'лчев.

[14a] Марко е псевдоним на Ѓорче Петров.

то да се направи, зошто јас му кажав и му предложив како стои работата, а тие ми рекоа дека ќе пишат во Бугарија и уште пишуваат. Главната работа е да може уште од Куманово или од Скопје и Велес да дојдат тројца курири во полната смисла на зборот, а не како што се таму само за јадење.

Што направи Пецо во Грција? За Б. (арут) — б. м.) сме пишале вчера да дојде мостра и по колку лева килото и мислам дека ќе дојде до недела, па затоа да ми пишете, кој квалитет е најдобар, I-от, II-от или III-от. Јас ќе седам овде до недела зошто сум болен и гледам дека ќе оздравам до недела. Главната пречка што ме сопира со Малезанов се парите и куририте до Куманово, а за оружје ќе се достави дури и од фабрика штом има потреба. Ако иде некој отаде немој да праќате како Пецо, Толев и други егоисти, ако не се доверувате на нас. Овде ние мислиме со Ордана Малезанов[15]. Тој да мине за ортак со него, од кого ќе ги земаме а пак јас комисионер, за да можеме и двајцата да му земеме што ќе го зема тој по 3—4 л. на пушка и на друго, кога му ја претставиме работата, дека ќе му ги купува еден трговец за Македонија, а пак ние како агенти. Ако можете Вие пишете во Куманово да наредат канали од Куманово до Бујановци и од Куманово до Велес, а од Велес во Прилеп и Битола. Главно гледајте поскоро снабдете се со пари и идете. Кој ви кажувал дека овде имало 200 пушки. Да не ви кажал Ѓорѓи Пешков[16]?. Да знаете дека овде нема манлихери тамошни куси 90 лева со 100 куршуми, но долги со се... (збор нејасен — б. м.) 100 л. со 100 куршуми теслим до граница. Тоа сношти еден ни го кажуваше и тоа го работи.

Врање, 30. X, 1901 г. — Со поздрав,
Шарен Хан — Н. Пешков

Писмово барај го од Хаџи Јовкови, таму го праќаме, зошто јас одавде го испратив по М. Белазелков, а тој го оставил таму, но ете не сте го примиле. Толев отаде ми пишува да Ви е испратено.

Истиот

3

Ѓорче,

Го примив писмото Ваше и научив што ми пишуваш. Да пишувам постојано во Куманово за да наредат да ми испратат двајца курири кои да бидат во сушност курири. Гледам дека

[35] Ордан Малезанов од Велес, терорист.

[16] Ѓорѓи Пешков, трговец од Прилеп. Член на Окружниот комитет во Битола. Учесник во Илинденското востание во Порече. Загинал во Втората балканска војна во м. јуни 1913 г. Брат на Никола Пешков.

сè ми излегува јалово. Две писма сум им пратил, но ниту на едно не ми одговориле. И јас самиот отидов таму, зборувавме и ми даваа големи надежи Карамфилов[17] и Бр. на Развигоров, затворениот во затвор со Поп Арсов и цели два вечера сме седеле и веќе по тоа прашање сме зборувале. Им реков да Ви пишат и да Ви ја изнесат работата поопширно, но како што гледам од Вашите писма ниту се сетиле да Ви испратат, ниту пак ќе се сетат да Ви пишат.

Како што јас гледам тие ќе бидат заедно со Врховниот комитет, та затоа не ни одговараат нам, но Вие гледајте само да се снабдите со пари, па никој не може да ни попречи во нашата работа, исто така уште двајца добри курири, зошто имало еден кој што работел уште од старо во Бујановци и од нас еден може да иде кога ќе има потреба.

Дали е братот Ваш Ѓорѓи таму! Стока има овде колку што сакаш и со прифатлива цена, само пари. Со пари сè се прави и дури може да се направи уште и за стока од Турција да се носи овде и да се продава.

Јас мислам да појдам уште еднаш во Куманово и што ќе ми дојде до уста ќе му зборувам само ако ми пишете да одам. И некои инструкции пишете да му кажам. Во главата ми се вртат триста планови и во случај малку да се поправиме ќе газиме овде на едно место за гологани,[18] само и само да се оправи работата и еднаш да тргне стоката, па макар ние умреле по првото заминување на стоката.

Што прават таму Пецо и Талев, што седат и јадат? Сега ми дојде на ум за моето испраќање во Солун без препорака, зошто седев гладен два дена во Солун и после одам кај Фукара[19] и му земам 1,1/2 л. т. и си одам во Битола. Така е кога човек оди без препорака, а сте ми го испратиле Пеца совети да ми дава мене. Но тоа отиде, мене ми го дотера умот да не одам по таквии пецовци зошто сум тргнал по бумбар, а тој ме однесе на лајно. Ако еднаш се видиме Вие, јас и Пецо ќе расправаме и тогаш ќе видиме кој е виновниот.

Сè нека оди по пусто досега, но сега да го гледаме овој пункт да не го испуштиме од рацете, зошто не може да се најде друг таков пункт.

Поздрави го братми Ѓорѓи ако е таму.

Врање, 16 ноември 1901 г.

Со поздрав,
Никола и Ордан

---

[17] Владимир Д. Карамфилов, од Прилеп учител во Куманово и член на тамошниот местен комитет.

[18] Гологани се бакрени пари.

[19] Ицо Фукара од Прилеп, голем трговец со кожи во Солун.

## 4

Драги Петре,

Твоето писмо за Павлета[20] го примив. Изгледа дека тој не те осветил добро. Рафе[21] ќе ти расправи за нашите разговори. Го плозувам случајот по него да ти пиша и јас.

1. По прашањето за положбата на Представништвото работата не е така проста и ситна, како што ти е преставена. Нашите пријатели овде се по патот на струењето за согласност[22] и при отказ од наша страна ќе се повлечат. Од друга страна, Серчаните досега не се заинтересирани за работата, избегаваат да се срекаваат со нас, и не земаат никаккво учество во работата. По тој начин паднавме во положбата на лична унија со Аџијата[23] и со Мишел[24], а заедно со нив остануваме без мандатори. Нашата последна врска со Серчаните е прекината, откако се раскараа со Аџијата по прашањето за изборите, а Таската[25] исто така разочаран, ќутејќи не напушти и се пресели кај вас. Лично со Аџијата прашањето не е за ситни недоразбирања. Методот на дејствувањето кај него е остро противен на нашите разбирања — тој оди кон сектанство. Карактерот му е да се наложува и се наложува — тој си работи сам кога смета на своите лични пријатели. Никаков дух на колегијалност и меѓусебна трпеливост. На сето згора станал и нервозен за да не може мирно да се прикажува со него. Го поднесуваме сето ова, но треба да има крај. На состанокот ќе треба да се одбере ново претставништво, ако се реши да се продолжува борбата. Тоа не може да остане во сегашниов состав, и најдобро е, да остане Аџијата како поактивен, се разбира ако Битолското кри-

---

[20] Веројатно се работи за Павел Христов од Битола, некогашен член на Окружниот комитет во Битола и учесник во Илинденското востание во Костурско и Леринско. Потписник на заедничкиот апел од 9. март 1919 г. на Серчаните и дејците од Западна Македонија, упатен до целокупната македонска емиграција во Бугарија и до македонските бегалци во Тракија за да се борат за единствена, неразделна и самостојна Македонија под меѓународна заштита.

[21] Рафе е Рафаил Камхи, битолски евреин и активен член на македонското национално ослободително движење. Доверено лице на Ѓорче Петров.

[22] За да се дојде до некое единство помеѓу Привременото претставништво и Исполнителниот комитет на македонските братства во Бугарија се создала една комисија за помирување составена од претставници на едната и другата страна. До согласност сепак не дошло.

[23] Аџијата е всушност Димо Хаџи Димов, идеолог на левицата на Серчаните и одговорен уредник на Билтенот на Привременото Претставништво на бивша ВМРО. Убиен 1924 г. од врховистите.

[24] Мишел е Михаил Герџиков, анархист и учесник во македонското национално ослободително движење.

[25] Таско Спасов Серски, македонски национален револуционер, член на Окружниот комитет на Организацијата во Серез, учесник во Младотурскиот поход на Цариград 1909 година при свргнувањето на султанот Абдул Хамид.

ло реши да остане во врска со Серчаните, зошто тој ќе си остане сам по себе таков во Струмичко и Ѓумурџинско, ако ние се повлечеме.

2. Откако Исполнителниот комитет дал нов мемоар во името на самостојна Македонија и прогласил дека ја прифаќа оваа парола, се создаде во соборот на братствата, сетне и во самите братства струење за зближување на двете организации[26]. Многу братства, во тој број нашите: Крушовското и Воденското, излегоа со апели во таа смисла, а нашето пак Велешко (братство) предизвика собрание на 21 софиски братства на кое се одбра една комисија за измирување. Разменетата преписка со неа се распраќа по нашите друштва за сондирање, ти ќе ја видиш таму. Прашањето е дека Аџијата, макар и да се согласи под наш притисок за разменување на мислите, си останува при своето убедување и желба да не водиме сметка за целата емиграција во Бугарија и да се опреме само на бегалците во Ѓумурџинско и Струмичко, за која цел намерава да ја пренесе борбата во Ѓумурџина. Тоа е од љубов кон чистотата на идејата и води кон тесна групашка работа, каде што за нас нема место. При таа положба ние ги губиме нашите бегалци низ Бугарија. Во ова општествено струење настроението е во штета на испол (нејасен збор — б. м.) ком. и на Тодоровци[27] — од 64 делегати на 21-то братства, само двајца се јавија во нивна заштита. Голем адут во нашите раце остана, ако ја примиме во принцип идејата за единство и обратно, ако го отфрлиме ова настроение може да се заврти против нас и да бидеме прогласени за пакосни отцепници. Нашата положба е деликатна. Најодзади, ако нашата идеја се прими, се намалува резонот за делење и останува да се гарантираме од изненади. Инаку ќе направиме впечаток на егоисти.

Во овој род на мисли јас најдов за неопходно да советуваме поширок круг на луѓе и за ова прашање, бидејќи со нервозност не се решава така мачно прашање.

И за едното е за другото прашање се јавува твоето присуство како неопходно, гледај по секоја цена да дојдеш. За пари гледајте да е за сметка на друштвото. Мислам дека овие денови се растура Комисијата за бегалците.

Ст. Софија, 5. IX 1919 г.

Со поздрав
Твој Ѓорче Петров

---

[26] Види ја овде фуснотата бр. 22. Поопширно види во мојата статија „Идејни основи на Привременото претставителство на бившата обединета Внатрешна македонска револуционерна организација и неговата активност на Париската мировна конференциај 1919 г. Сп. „Историја" IX, 2 (1973), стр. 53—96.

[27] Се однесува веројатно на привrзаниците на Тодор Александров, водач на десницата на македонската емиграција во Бугарија после Првата светска војна.

5

Петре,

Ја примив Вашата телеграма. Ме изненадува содржината, а најмногу потписот на Аџијата. Зборот беше да се свика собрание од потписниците на Апелот (од 9. март 1919 г. — б. м) и од по еден делегат од секое наше друштво за да земат решение во врска со обединувачкото решение сред емиграијата и да ја опрделат положбата на Претставништвото. Писмото го напишав, Аџијата ми вети да биде испратено „наеднаш" за да стане собирањето во најскоро време од 10—12 овој месец. На место тоа, тој ми се јавува со нови заповеди од југ, каде што заминал по лична агитација. Ќе се согласиш со нас, дека поведението му е некоректно и неколегијално и дека Вие сте побрзале да се солидаризирате со него без да се осветлите сестрано.

Немало и нема прашање за повлекување на декларации и позиции за да станува потреба да ги потврдуваме. Има една нова положба во врска со општото прашање, за кое што одговорноста треба да се раздели од поширок круг другари. Ако Аџијата ги прави овие комедии со личните агитации, а по негови лични побуди од страв пред Собранието, ако исто така пред неговото свикување сака да пропагира за прашањето, според нас греши. Во секој случај ние настојуваме за собирање зошто ја наоѓаме тешка моралната одговорност без да се обзираме на нетактичноста. Сличната постапка без наша согласност ќе ја сметаме за провокација, откако се бевме согласиле за собранието.

Ова собрание се наложува и од внатрешни причини. Положбата на Претсавништвото трреба да се определи и да се стабилизира. Не сметаме дека сега има Претставништво, не треба и не можеме да ја сносиме одговорноста за личната активност на Аџијата, зошто многу стана и нашите нерви не ја поднесуваат оваа положба. Залуду тој се плаши и лично реди нешто — неговите предимства и на неговата група се признаваат и без агитации нема кој да му ја одземе можноста да работи според своите разбирања без некакви ограничувања и срамежливост од колегијалност. Сакаме да бидеме коректни и да се уреди положбата на новото Претставништво без врева и без да се прави впечаток дека има расцеп. Ако и тоа не го сака, гревот на неговата душа.

За тебе лично, ти препорачувам да ја обмислиш работата поисцрпно пред да земеш конечно решение и те молиме да се согласиш со нас, дека создаденава положба не може да продолжува токму по досегашниов пат.

4*

Ти пишувам во присуство на Павлета и после разговорот со Лозанчев[28], Поп Томо[29] и Лука Церов[30].

Го чекам побрзо твојот одговор, зошто можеме скоро да бидеме предизвикани да се повлечеме со соопштување до сите потписници и до друштвата, кои ќе ги помолиме да се уредат. Добро беше да можеше да дојдеш. Писмово можеш да му го прочиташ на Таската и да размениш мисли со него. Тој исклинчи одавде кога ме остави да се пржам во маслото, па ми се јавува отаде со сербезлак. Ќе ми остане за ум довербата кон Серчаните, од која испаѓам во таквaа глупава положба во каква што не бев испаднал никогаш досега.

Ќе заборавев да го споделам со тебе мислењето и впечатокот дека по буг. начин се завлековме во борбата, толку слатка на Бугаринот до таков степен што со неа ја засенивме нашата главна цел. Јас веќе самиот не гледам дека вршиме нешто за Македонија во врска со положбата во моментов. Ацијата е веќе целиот страст во борбата, нешто што не ми е својствено, нити ми личи, нити пак го наоѓам за корисно.

Сериозно се зборува да се растури Комисијата за бегалците за да се замени сегашниов состав со нов претседател.

За судбината на тамошните краишта не можам да ти кажам нешто автентично. Ние со нашето сектанство кога не вршиме самите нешто не можеме да разбереме и она што другите го вршат во нашата осаменост. Изгледа дека бугарските власти можат да бидат заменети со чисто такви на Антантата.

Ст. Софија — Поздрав на пријатели и познати
15. IX 1919 г. — Твој Ѓорче

[28] Анастас Лозанчев, македонски национален револуционер, бивш претседател на Окружниот коимтет на Организацијата во Битола, член на Главниот штаб на Илинденското востание за Битолскиот округ, потписник на Апелот од 9. март 1919 год. на Привременото претставништво на бивша ВМРО.

[29] Поп Томо Николов, бивш член на Окружниот комитет на Организацијата во Битола и потписник на апелот од 9. март 1919 година.

[30] Лука Церов, бивш член на Окружниот комитет на Организацијата во Битола, учесник во Илинденското востание и потписник на Апелот на Привременото претставништво од 9. март 1919 година.